// СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Понеделник, 27 ноември 2000
Скопје
Број 100 Год. LVI

Претплатата за 2000 година изнесува 7.800 денари. Овој број чини 50 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

**3142.**

Врз основа на член 158, став 3 од Законот за органите на управата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 40/90 и 63/94), а во согласност со член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), донесувам

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I

Димитар Николовски, се разрешува од функцијата секретар на Советот за безбедност на Република Македонија.

II

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1516
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

---

**3143.**

Врз основа на член 158, став 3 од Законот за органите на управата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 40/90 и 63/94), а во согласност со член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), донесувам

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА КОМИСИЈАТА ЗА РЕПУБЛИЧКИ ПРИЗНАНИЈА И ОДЛИКУВАЊА**

I

Љубинка Костурска Лака, се разрешува од функцијата секретар на Комисијата за републички признанија и одликувања.

II

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1517
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

---

**3144.**

Врз основа на член 91, став 1, од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 53/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.11.2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ГАБОН**

Член 1

Република Македонија воспоставува дипломатски односи со Република Габон на амбасадорско ниво.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5414/1
21 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**3145.**

Врз основа на член 91, став 1, од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 53/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.11.2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА НИГЕР**

Член 1

Република Македонија воспоставува дипломатски односи со Република Нигер на амбасадорско ниво.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5415/1
21 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**3146.**

Врз основа на член 91, став 1, од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 53/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.11.2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА МАЛДИВИ**

Член 1

Република Македонија воспоставува дипломатски односи со Република Малдиви на амбасадорско ниво.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5416/1
21 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3147.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.11.2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОПИШУВАЊЕ НА КОМПЕНЗАТОРСКА ЦАРИНА ПРИ УВОЗ НА МЛЕКО**

1. Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за пропишување на компензаторска царина при увоз на млеко ("Службен весник на Република Македонија" бр. 71/2000).

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5400/1
21 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**3148.**

Врз основа на член 2 став 1 од Одлуката за основање на Агенција за обнова и развој ("Службен весник на Република Македонија" бр. 60/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ**

1. Д-р Васил Тупурковски, се разрешува од должноста директор на Агенцијата за обнова и развој.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5539/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**3149.**

Врз основа на член 2 став 2 од Одлуката за основање на Агенција за обнова и развој ("Службен весник на Република Македонија" бр. 60/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ**

1. Антонио Биков, се разрешува од должноста заменик на директорот на Агенцијата за обнова и развој.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5540/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**3150.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКАТА ГЕОДЕТСКА УПРАВА**

1. Се разрешува Ѓорѓи Лазески, од должноста директор на Републичката геодетска управа.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5560/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**3151.**

Врз основа на член 7 од Законот за слободни економски зони ("Службен весник на Република Македонија" бр. 56/99) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА СЛОБОДНИ ЕКОНОМСКИ ЗОНИ**

1. Се разрешува Миливој Колевски, од должноста директор на Дирекцијата за слободни економски зони.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5565/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**3152.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА**

1. Се разрешува Златко Кочовски, од должноста директор на Републичкиот завод за судски вештачења.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5559/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3153.**

Врз основа на член 13 став 3 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 19/95 и 55/97) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ**

1. Се разрешува Бојан Бојановски, од должноста директор на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5566/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3154.**

Врз основа на член 43 од Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ**

1. Се разрешува Никола Кацарски, од должноста директор на Заводот за платен промет.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5563/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3155.**

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈП ЗА АЕРОДРОМСКИ УСЛУГИ "МАКЕДОНИЈА" - СКОПЈЕ**

1. Вања Битољану се разрешува од должноста директор на Јавното претпријатие за аеродромски услуги "Македонија"-Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5534/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3156.**

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/90), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ**

1. Јован Сиљаноски се разрешува од должноста директор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5535/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3157.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Се разрешува Сашко Станинов, од должноста републички советник во Владата на Република Македонија, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5561/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3158.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ**

1. За директор на Агенцијата за развој и инвестиции, се именува Сашко Станинов, досегашен републички советник во Владата на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5537/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3159.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ**

1. Се разрешува Горан Анастасовски, од должноста потсекретар во Министерството за финансии, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5562/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3160.**

Врз основа на член 43 од Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ**

1. За директор на Заводот за платен промет се именува Горан Анастасовски, досегашен потсекретар во Министерството за финансии.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5564/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3161.**

Врз основа на член 13 од Законот за Фондот за осигурување на депозити ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

1. За вршител на должноста директор на Фондот за осигурување на депозити, се именува Лилјана Божиновска, досегашен директор на Фондот за осигурување на штедни влогови.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5531/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3162.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ

1. За директор на Управата за телекомуникации, орган во состав на Министерството за транспорт и врски, се именува Зоран Трајчевски, досегашен раководител на Секторот за климатизација во АД за Телекомуникации "Македонски телекомуникации" во државна сопственост - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5567/1
27 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3163.**

Врз основа на член 30 од Законот за научно-истражувачката дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 13/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 ноември 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА - СКОПЈЕ

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Јавната научна установа Институт за македонска литература - Скопје бр. 02-100/6 од 7 април 2000 година, со која за директор на Институтот е избрана д-р Јованка Стојановска, виш научен соработник и в.д. директор на Институтот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1789/5
14 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3164.**

Врз основа на член 12 од Законот за Фондот за осигурување на депозити ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 ноември 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

1. За членови на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити се именуваат:
- м-р Анита Ангелова, помошник на министерот за финансии,
- Зоран Јовановски, заменик директор на Дирекцијата за истражување при Народната банка на Република Македонија,
- Драган Мартиновски, потсекретар во Министерството за финансии,
- Александра Наќева, помошник на министерот за финансии,
- Ацо Спасовски, секретар на Службата за економска политика и развој при Стопанската комора на Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5012/5
14 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3165.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 ноември 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА

1. Се разрешува Марина Наумовска од должноста помошник на министерот за правда, на нејзино барање, заклучно со 10.11.2000 година.

2. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5208/2
14 ноември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3166.**

Државната изборна комисија, врз основа на член 8 став 2 од Законот за локалните избори ("Службен весник на Република Македонија" бр. 46/96, 48/96 и 56/96), на седницата одржана на 24 ноември 2000 година, донесе

## ОДЛУКА

Во Одлуката за именување претседатели, членови и заменици на општинските изборни комисии и на Изборната комисија на Град Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 62/2000, 66/2000, 67/2000, 68/2000, 69/2000, 82/2000 и 83/2000), се вршат следниве изменувања и дополнувања:

I

1. Катица Стојкоска и Кристе Николоски се разрешуваат од функцијата претседател и заменик претседател на Општинската изборна комисија во Општина Врапчиште, по нивно барање.

2. Љиљана Буреска се разрешува од функцијата заменик претседател на Општинската изборна комисија во Општина Чегране.

3. Бранко Секулоски се разрешува од функцијата заменик претседател на Општинската изборна комисија во Општина Вруток.

4. Бранко Секулоски и Љиљана Буреска се именуваат за претседател и заменик претседател на Општинската изборна комисија во Општина Врапчиште.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 07-710/1 Претседател
24 ноември 2000 година на Државната изборна комисија,
Скопје **Јосиф Луковски,** с.р.

**3167.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на РМ" бр. 17/91), Државниот завод за геодетски работи, донесува

**РЕШЕНИЕ**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Патеец - Општина Вранештица.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-5273/1 Директор,
22 ноември 2000 година дипл.правник **Ѓорѓи Лазески,** с.р.
Скопје

**3168.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на РМ" бр. 17/91), Државниот завод за геодетски работи, донесува

**РЕШЕНИЕ**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Рабетино - Општина Вранештица.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-5274/1 Директор,
22 ноември 2000 година дипл.правник **Ѓорѓи Лазески,** с.р.
Скопје

**3169.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на РМ" бр. 17/91), Државниот завод за геодетски работи, донесува

**РЕШЕНИЕ**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Зубовце - Општина Клечевце.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-5275/1 Директор,
22 ноември 2000 година дипл.правник **Ѓорѓи Лазески,** с.р.
Скопје

## *Огласен дел*

### ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 11116/99, на регистарска влошка бр. 02028757?-8-09-000, го запиша во трговскиот регистар Друштвото за проектирање инженеринг и трговија на големо и мало КРЕДО Душан ДООЕЛ експорт-импорт, ул. "Бојмија" К-3, Скопје.

Дејности: 15.82, 15.82/1, 20.10/2, 27.51, 27.52, 27.53, 27.54, 28.11, 28.12, 28.40, 36.11, 36.12, 37.10, 37.20, 45.11, 45.21/1, 45.21/2, 45.22, 45.25, 45.32, 45.34, 45.42, 45.43, 45.44, 45.45, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 50.40/1, 50.40/2, 50.50, 51.17, 51.19, 51.22, 51.33, 51.34, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.44, 51.45, 51.47, 51.53, 51.57, 51.70, 52.12, 52.24, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.44/4, 52.46, 52.62, 55.30, 60.21, 60.23, 60.24, 63.40, 63.12, 74.20/1, 74.20/2, 74.20/3, 74.40, 74.84.

Надворешна трговија: надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, посредување во надворешниот промет, меѓународен транспорт на стоки и услуги, застапување на странски фирми.

Друштвото во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со целиот свој имот.

Лице овластено за застапување и претставување на друштвото во внатрешниот и надворешниот промет е Лазаревска Стојковска Бранкица - управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 11116/99. (26883)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 985/99, на регистарска влошка бр. 020118377-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар проширувањето на дејноста на Друштвото за трговија на големо и мало МАР-ТИН Снежана ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, бул. "Јане Сандански" 114/2-12, Скопје.

Се врши проширување на дејноста.

Се проширува за дејноста 52.72/2, поправка на радио и тв апарати, телефонски апарати и уреди.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 985/99. (26885)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 6722/99, на регистарска влошка бр. 02026642?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето со ЗТД на Друштвото за производство, услуги и промет БОЈ-ШПЕД Бојко ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, ул. "Моша Пијаде" бр. 119.

Досегашното претпријатие за производство, услуги и промет "БОЈ-ШПЕД", увоз-извоз Ц.О. Куманово, се усогласува во друштво со ограничена одговорност на едно лице и во иднина во правниот промет со трети лица ќе настапува по фирма: Друштво за производство, услуги и промет БОЈ-ШПЕД Војко ДООЕЛ увоз-извоз Куманово.

Седиштe на ул. "Моша Пијаде" бр. 119, Куманово.

Скратена ознака на фирмата гласи: БОЈ-ШПЕД ДООЕЛ увоз-извоз, Куманово.

Основна главница на друштвото е 157.000,00 денари во предмети во приложен извештај од овластен проценител.

Дејности се: 01.11/1, 01.11/2, 01.11/3, 01.12/1, 01.21, 01.22/1, 01.22/2, 01.23, 01.24, 01.25, 15.31, 15.32, 15.33, 15.51, 15.52, 15.62, 15.85, 15.86, 15.87, 15.88, 15.89, 15.91, 15.92, 15.93, 15.94, 15.98/2, 20.40, 21.21, 25.21, 25.22, 25.24, 27.10, 27.21, 27.22, 27.31, 27.32, 27.33, 27.34, 27.35, 27.41, 27.42, 27.43, 27.44, 27.45, 27.51, 27.52, 27.53, 27.54, 63.40, 28.11, 28.12, 28.21, 28.22, 28.71, 28.72, 28.73, 28.74, 28.75, 33.10/2, 36.22, 36.50, 36.61, 36.62, 36.63, 45.11, 45.12, 45.21/1, 45.21/2, 45.22, 45.25, 45.31, 45.32, 45.33, 45.34, 45.41, 45.42, 45.43, 45.44, 45.45, 45.50, 50.10, 50.20, 50.30/1, 50.30/2, 50.40/1, 50.40/2, 50.50, 51.21, 51.23, 51.24, 51.31, 51.34, 51.35, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.51, 51.53, 51.54, 51.55, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.21, 71.10, 71.21, 74.12, 74.13, 74.14, 74.84, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, малограничен промет со соседни земји, реекспорт и лизинг, застапување и посредување во областа на прометот со стоки и услуги, продажба од консигнациони складишта на странска стока, привремен увоз-извоз, увоз-извоз на стоки од сите видови на царинска тарифа, меѓународна шпедиција, компензациони работи, меѓународен транспорт на стоки и патници во друмскиот сообраќај.

Во правниот промет со трети лица друштвото настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со целокупниот свој имот.

Управител на друштвото со неограничени овластувања во рамките на запишаните дејности и во надворешнотрговскиот промет е Војко Петковски.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 6722/99. (26887)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението П.Трег. бр. 28/2000, на регистарска влошка бр. 02008583?-6-01-000, го запиша во трговскиот регистар бришењето на ТП за Продажба на стоки на мало ПЕРКА ТП Франгоски Благоја Игор, ул. "Даме Груев" бр. 1, Скопје.

Бришење на: продажба на стоки на мало ПЕРКА ТП Франгоски Благоја Игор, ул. "Даме Груев" бр. 1, Скопје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, П.Трег. бр. 28/2000. (26888)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 9627/98, на регистарска влошка бр. 02023892?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар претворање на Трговското друштво за дистрибуција на козметички производи, МАЦАЛ-ПАЛМА КО Дубравко ДООЕЛ извоз-увоз Скопје, ул. "Васил Ѓоргов" бр. 28/4, Скопје.

Содружник: Дубравко Соколиќ, ул. "Медовичева" бр. 10, Риека.

Дејности во внатрешниот промет: 52.11, 52.24, 52.21, 52.22, 52.23, 52.12, 52.25, 52.41, 52.42, 52.43, 52.45, 52.46, 60.24, 63.21, 71.10, 71.21, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 55.51, 55.52, 25.12, 25.22, 25.23, 25.24, 65.12/3, 63.12, 74.40, 52.44/1, 52.48, 52.47, 52.26, 50.10, 50.30/2, 50.40/2, 50.50, 51.21, 92.33, 60.21, 60.23, 25.21, 51.24, 51.54, 51.53, 51.55, 51.70, 51.35, 50.30/1, 50.40/1, 51.51, 51.57, 63.30, 63.40, 74.84.

Дејности во надворешнотрговски промет: надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, консигнациона продажба, малограничен промет со Бугарија, Грција, СР Југославија и Албанија, меѓународен транспорт на стоки и патници.

Друштвото во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешниот промет е Јорданка Маршавелска - Миовска - управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 9627/98. (26889)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 11492/99, на регистарска влошка бр. 02033705?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар Друштвото за производство, трговија и услуги АЛГОС, Сашко ДООЕЛ Кавадарци, ул. "Диме Туриманџов" бр. 17.

Основач: Сашко Димов од Кавадарци, ул. "Диме Туриманџов" бр. 17.

Дејности: 60.23, 60.24, 63.40, 55.30/2, 74.12, 02.01, 26.61, 15.98/2, 15.33, 45.45, 28.11, 74.20/3, 51.17, 51.21, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.42, 51.43, 51.47, 51.51, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 61.57, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.24, 52.25, 52.26, 52.44/1, 52.47, 50.30/1, 27.42, 27.45, 28.40, 28.71, 74.84.

Надворешнотрговски промет: надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, посредување во надворешнотрговскиот промет, застапување на странски фирми, реекспорт, превез на стоки во меѓународниот патен сообраќај, малограничен промет со Бугарија, Албанија, Грција и СР Југославија.

Во правниот промет со трети лица друштвото настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со целиот свој имот.

Лице овластено за застапување Сашко Димов управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 11492/99. (26891)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 9294/98, на регистарска влошка бр. 02010735?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето со ЗТД на Друштвото за производство, трговија, транспорт, градежништво, туризам и услуги БУДИН Фанк ДООЕЛ експорт-импорт, Врапчиште.

Дејности: 01.21, 15.11, 15.12, 15.13, 15.32, 15.41, 15.51, 15.52, 15.61, 15.62, 15.81/1, 15.81/2, 15.82/1, 15.82/2, 15.84, 15.85, 15.86, 15.98/1, 15.98/2, 16.00/2, 17.11, 17.12, 17.40/1, 17.40/2, 17.51, 17.52, 17.54/1, 17.54/2, 71.72, 18.10, 18.21, 18.22, 18.23, 19.10, 19.20, 20.10/1, 20.30, 20.40, 20.51, 21.12, 25.22, 26.22, 26.63, 26.24, 26.25, 26.26, 26.30, 26.40, 26.51, 26.52, 26.53, 26.61, 26.62, 26.63, 26.65, 26.66, 26.70, 28.62, 29.40, 36.11, 36.12, 36.13, 36.14, 36.15, 36.40, 45.21/1, 45.21/2, 45.22, 45.25, 45.31, 45.32, 45.33, 45.34, 45.41, 45.42, 45.43, 45.44, 45.45, 50.10, 50.20, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 50.40/1, 50.40/2, 50.40/3, 51.13, 51.17, 51.19, 51.31, 51.32, 51.33, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.53, 51.54, 51.55, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.32, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.50, 52.62, 52.63, 55.11, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.30, 63.40, 65.12/3, 71.10, 71.21, 71.31, 71.32, 74.20/3, 74.84, 93.01, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, реекспорт, меѓународна шпедиција, меѓународен транспорт на стоки, меѓународен транспорт на патници, застапување и посредување во над. промет - комисионо и консигнационо работење - туристички и

угостителски услуги - изведување на инвестициони работи во странство.

Во правниот промет со трети лица друштвото истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските настанати во правниот промет со трети лица друштвото одговара со целиот свој имот.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешниот промет е лицето Шабани Фаик, управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 9294/98. (26892)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 10083/98, на регистарска влошка бр. 02025714?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар претворањето со ЗТД на Друштвото за производство, трговија и услуги на големо и мало ЈАСМИНА Живка ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, ул. "Лупчо Арсов" бр. 9.

Основач на друштвото е Стојановска Живка од Куманово.

Дејности: 01.11, 01.12, 01.13, 01.21, 01.22, 01.30, 15.32, 15.52, 15.61, 15.62, 15.71, 15.81/1, 15.81/2, 15.82, 15.91, 15.93, 15.98/1, 15.98/2, 17.40, 18.10, 19.30, 36.11, 36.12, 36.13, 50.10, 50.20, 50.30, 50.40, 50.50, 51.11, 51.13, 51.15, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 51.21, 51.23, 51.31, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.43, 51.45, 51.47, 51.53, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.24, 52.25, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, 52.72, 52.74, 55.11, 55.12, 55.30, 55.40, 60.22, 60.23, 60.24, 63.11, 63.12, 63.21, 63.40, 65.12/3, 71.31, 71.32, 74.12, 74.14, 74.15, 74.40, 74.70, 74.82, 74.83, 74.84, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, застапништво и посредување, реекспорт, консигнациона продажба, малограничен промет со Албанија, Бугарија, Грција и СР Југославија.

Друштвото во правниот промет истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските одговара со сите свои средства.

Во внатрешниот и надворешниот промет друштвото го застапува и претставува Стојановска Снежана, управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 10083/98. (26894)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 16250/99, на регистарска влошка бр. 02028852?-6-09-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето на СТД во ТП на Трговецот Поединец Бифе АЛО АЛО ТП Јовановски Томислав Тофил, бул. "Партизански Одреди" бр. 37, Скопје.

Основач" Јовановски Томислав Тофил од Скопје, ул. "Црвена Армија" бр. 24.

Дејности: 55.30/1, 55.302.

Во правниот промет со трети лица трговецот поединец истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет трговецот поединец одговара лично со сите средства лично.

Управител без ограничување е Јовановски Тофил.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 16250/99. (26895)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 6031/99, на регистарска влошка бр. 02025636?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето на претпријатие на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало СКОБЕЛ Иксан ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, ул. "Румена Хаџипанзова" бр. 52, Скопје.

Име на фирмата: Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало СКОБЕЛ Иксан ДООЕЛ експорт-импорт Скопје.

Седиште на друштвото: ул. "Румена Хаџипанзова" бр. 52, Скопје.

Содружник - основач на друштвото е: Кесаси Иксан од Призрен СРЈ.

Управител на друштвото е: Кесаси Иксан од Призрен СР Ј.

Друштвото ќе ги врши следните дејности: 15.81, 15.81/1, 15.81/2, 15.86, 15.98, 15.98/1, 15.98/2, 20.20, 20.30, 21.22, 21.23, 21.24, 36.11, 36.12, 36.13, 50.30/1, 50.30/2, 51.21, 51.22, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.64, 51.61, 50.10, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, 55.11, 55.21, 55.21/1, 55.21/2, 55.22, 55.23, 55.30, 55.30/2, 55.40, 60.21, 60.22, 60.24, 63.40, 65.12/3, 15.11, 15.51, 74.20/2, 74.20/3, 74.20/5, 45.45, 45.31, 45.32, 45.34, 45.33, 45.41, 45.42, 45.43, 45.44, 45.45, 70.31, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, реекспорт, малограничен промет со Грција, Бугарија, Албанија и СР Југославија, изведување инвестициони работи во странство.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 6031/99. (26896)

---

## ЈАВНИ ПОВИЦИ

Врз основа на член 10 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр. 26/98), Комисијата за јавни набавки во ЈП Електростопанство на Македонија-Подружница ТЕЦ Неготино - Неготино, објавува

### ОТВОРЕН ПОВИК БР. 2/2000 ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА ЛЕСЕН МАЗУТ

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Набавувачот на отворениот повик бр. 2/2000 е Подружница ТЕЦ Неготино-Неготино.

1.2. Предметот на набавката е прибирање на понуди за набавка на:

Лесен мазут....................................25.000.000 кгр.

1.3. Мазутот треба да биде со следниве карактеристики:

- Точка на палење во затворен сад............min $100^0$ C;
- Вискозност на $100^0$ C............................max 50 $мм^2/s$;
- Содржина на сулфур.............................. max 2%;
- Содржина на вода и механички примеси max 1,5%;
- Содржина на кокс............................................max 15%;
- Содржина на пепел....................................... max 0,2%;
- Топлотна моќ.......................................min 39,7 MJ/kg.

1.4. Повикот е јавен, отворен и анонимен, со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица.

1.5. Постапката на повикот се спроведува со Отворен повик согласно Законот за јавните набавки.

2. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1. Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на понудувачот.

2.2. Понудата треба да ја содржи единечната и вкупната цена на целата набавка (со сите давачки согласно член 54 став 3 од Законот за јавните набавки ако набавката е од странство).

2.3. Понудата да се однесува на паритет ДДП-краен корисник-Подружница-ТЕЦ Неготино, во денари, со сите давачки.

2.4. Понудата треба да го содржи рокот и начинот на плаќање.

2.5. Понудувачот е должен да ги запази техничките карактеристики на набавката, при што тие треба да се во согласност со стандардите во Република Македонија и со меѓународните стандарди кои се прифатени во Република Македонија (член 19 од Законот за јавните набавки).

2.6. Понудата треба да содржи рок и динамика на испораката (мин. 500 т. дневно).

2.7. Понудата треба да има рок на важност.

2.8. Понудите од странските понудувачи (документација која се бара и комерцијалната понуда) треба да бидат преведени на македонски јазик.

3. ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА

3.1. Понудувачот треба да приложи доказ за финансиска и економска способност согласно член 22 од Законот за јавните набавки.

Домашните понудувачи треба да приложат документ за бонитет кој го издава институцијата за платен промет кој треба да биде во согласност со Правилникот за содржината на документот за бонитет ("Сл. весник на РМ" бр. 32 од 10. 07. 1998 година), а странските понудувачи во согласност со член 22 став 3 од Законот за јавните набавки.

3.2. Понудувачот треба да достави доказ дека на понудувачот не се однесува ниту еден од случаите наведени во став 1 од член 24 од Законот за јавните набавки.

3.3. Понудувачот треба да достави банкарска гаранција во висина од 5% од вкупната вредност на понудата.

3.4. Понудувачот треба да достави доказ за техничката способност, согласно член 23 од Законот за јавните набавки:

3.4.1. Понудувачот треба да достави список на испораки на ваков вид стоки во последните 3 години (референтна листа).

3.4.2. Понудувачот треба да достави технички карактеристики (сертификат) за производот што го нуди со кој го потврдува квалитетот и стандардот на производот.

3.4.3. Понудувачот треба да достави доказ за техничка опременост:

- специјализирани превозни средства за ваков вид производи;
- специјален складишен простор за држење поголеми количини од овие производи, а со цел континуирано и навремено снабдување на нарачателот.

3.5. Претставниците на понудувачите треба да дадат писмено овластување за учество на јавниот повик, согласно член 29 став 2 од Законот за јавните набавки.

3.6. Целокупната документација треба да биде оригинал или заверени копии верни на оригиналот.

4. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ (согласно член 25 од Законот за јавните набавки)

4.1. Цена 70 поени;

4.2. Начин и рок на плаќање 30 поени.

5. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

5.1. Понудата се доставува согласно член 52, 53 и 54 од Законот за јавните набавки.

5.2. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

5.3. Рок на доставување на понудата е најдоцна до денот и часот на јавното отворање.

5.4. Понудувачите своите понуди треба да ги достават на следната адреса: ЈП Електростопанство на Македонија-Подружница ТЕЦ Неготино, 1440 Неготино, за Комисијата за јавни набавки.

5.5. Отворање на понудите ќе се изврши на ден 14. 12. 2000 година, во 12,00 часот, во просториите на Подружница ТЕЦ Неготино, во присуство на овластените претставници на понудувачите.

5.6. Понудите кои нема да бидат доставени до утврдениот рок и оние кои не се изработени според барањата на Отворениот повик, како и оние кои немаат целокупна документација која се бара во Отворениот повик, нема да се разгледуваат.

Комисија за јавни набавки

## СОДРЖИНА

Страница


3142. Одлука за разрешување секретар на Советот за безбедност на Република Македонија ... 5395
3143. Одлука за разрешување секретар на Комисијата за републички признанија и одликувања ... 5395
3144. Одлука за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Габон ... 5395
3145. Одлука за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Нигер ... 5395
3146. Одлука за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Малдиви ... 5395
3147. Одлука за престанување на важноста на Одлуката за пропишување на компензаторска царина при увоз на млеко ... 5396
3148. Решение за разрешување од должноста директор на Агенцијата за обнова и развој ... 5396
3149. Решение за разрешување од должноста заменик на директорот на Агенцијата за обнова и развој ... 5396
3150. Решение за разрешување од должноста директор на Републичката геодетска управа ... 5396
3151. Решение за разрешување од должноста директор на Дирекцијата за слободни економски зони ... 5396
3152. Решение за разрешување од должноста директор на Републичкиот завод за судски вештачења ... 5396
3153. Решение за разрешување од должноста директор на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање ... 5396
3154. Решение за разрешување од должноста директор на Заводот за платен промет ... 5397
3155. Решение за разрешување од должноста директор на ЈП за аеродромски услуги "Македонија" - Скопје ... 5397
3156. Решение за разрешување од должноста директор на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија - Скопје ... 5397
3157. Решение за разрешување од должноста републички советник во Владата на Република Македонија ... 5397
3158. Решение за именување директор на Агенцијата за развој и инвестиции ... 5397
3159. Решение за разрешување од должноста потсекретар во Министерството за финансии ... 5397
3160. Решение за именување директор на Заводот за платен промет ... 5397
3161. Решение за именување вршител на должноста директор на Фондот за осигурување на депозити ... 5398
3162. Решение за именување директор на Управата за телекомуникации ... 5398
3163. Решение за давање согласност на Одлуката за избор на директор на ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје ... 5398
3164. Решение за именување членови на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити ... 5398
3165. Решение за разрешување од должноста помошник на министерот за правда ... 5398
3166. Одлука на Државната изборна комисија ... 5398
3167. Решение на Државниот завод за геодетски работи ... 5399
3168. Решение на Државниот завод за геодетски работи ... 5399
3169. Решение на Државниот завод за геодетски работи ... 5399


**Издавач:** ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
**СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, ц.о.– Скопје, бул. "Партизански одреди" бр. 29.
**Директор и одговорен уредник - Марија Лељохин.**
**Телефони 129-036, 117-460. Телефакс 112-267. Пошт. фах 51.**
**Жиро-сметка 40100-603-12498. Бр. за ДДВ МК – 4030987108771. Депозитор – Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: НИП "Нова Македонија" – АД – Скопје.**